Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-240/4
Датум: 11-04-2024

Постапувајќи по претставката со бр. 08 – 240/1 од 12.02.2024 година, поднесена [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на работата и работните односи против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.04.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] кон [redacted]

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] кон [redacted]

**СЕ УТВРДУВА ВИКТИМИЗАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 12.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка со архивски број 08 – 240/1 од страна на подносителката [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на работата и работните односи против [redacted]

Во претставката се наведува дека подносителката и посочената дискриминаторка се вработени во Државен училишен центар за образование и рехабилитација [redacted] Скопје, кое е единствено средно стручно училиште за глуви ученици. Подносителката наведува дека е специјален едукатор и рехабилитатор, како и тоа дека е глува личност, која во минатото била ученичка во училиштето, но во последните шест години е вработена во училиштето како воспитувачка. На 08.02.2024 година на наставнички совет се предлагале и гласале членови на училишниот одбор на училиштето. Подносителката на претставката била предложена за членка на училишниот одбор од страна на нејзина колешка – психолог, а потоа нејзиното

членство било едногласно изгласано од страна на сите присутни. На тој состанок не била присутна колешката [redacted] Но, по неколку часа од завршување на состанокот, кога истата дознала за изборот на подносителката во училишниот одбор, почнала да ја понижува на сите можни начини. Во претставката се појаснува дека посочената дискриминаторка во просториите на ученичкиот дом *„се дерела нема да дозволиме глувите да одлучуваат за училиштето"*. Подносителката појаснува дека нејзиното име не го споменува, а кога говори за неа ја условува со *„глувата"*, како и тоа дека за неа дава опис *„неписмена"*. Колегите кои ја поддржувале подносителката добивале повици, пораки или директна комуникација од посочената дискриминаторка, со содржина чија цел била да ја понижи подносителката или пак нејзинитие колеги поради тоа што ја поддржуваат. Најосудувана и вознемирувана била колешката која ја предложила подносителката за членка во училишниот одбор. Подносителката информира дека неофицијално, од повеќе извори добивала информации дека посочената дискриминаторка ги нарекува неа и учениците во училиштето *„глувтари"*. За подносителката наведеното однесување е навредливо и понижувачко, а особено недозволиво за лице кое работи со лица со попреченост, односно глуви и наглуви лица.

За потврда на веродостојноста на тврдењата, во прилог на претставката беа доставени извадоци од електронска комуникација помеѓу посочената дискриминаторка и други колеги (анонимизирано).

На 09.11.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Комисијата констатираше дека тврдењето на подносителката на претставката е веројатно, бидејќи докажала несакано постапување од страна на посочената како дискриминаторка, кое имало за цел или последица повреда на достоинството на подносителката и создавање за неа заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка работна средина, а сето тоа поврзано со попреченост како дискриминаторска основа. Согласно наведеното, а во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го префрли товарот да докаже дека не сторила вознемирување на посочената дискриминаторка.

Приемот на Барањето за произнесување по наводите од претставката адресиран до [redacted] беше потврден со поштенска повратница, со назнака и потпис за прием од 16.02.2024 година.

На 22.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за дополнување на претставката од страна на подносителката со бр. 08 – 240/3. Подносителката со поднесокот информира дека по поднесувањето на претставката, по нејзина претпоставка дека некој ја информирал посочената

дискриминаторка, истата земала боледување поради стрес. Воедно, потврдува дека на 16.02.2024 година во училиштето пристигнало Барањето за произнесување по претставката, за чија содржина директорот ја информирал посочената дискриминаторка. Во продолжение подносителката информира дека на 18.02.2024 година добила пораки со двосмислена содржина од посочената дискриминаторка. Во истите посочената дискриминаторка *„наводно се извинувала“*, а потоа како што наведува подносителката, ја дискредитирала и ги дискредитирала лицата кои се инволвирани во поднесокот, односно лицата кои на подносителката ѝ даваат поддршка. Воедно, известува дека според нејзино сознание посочената дискриминаторка ги виктимизира и сведоците на настаните.

За потврда на наведеното, во прилог на поднесокот беше доставен извадок од добиените пораки.

Од причина што во законски предвидениот рок посочената дискриминаторка не се произнесе по наводите содржани во претставката, а товрот на докажување беше префрлен кон неа, Комсијата за спречување и заштита од дискриминација ги ценеше исклучиво тврдењата и доказите дадени од страна на подносителката. Врз основа на тоа, утврдената фактичка состојба, како и фактот што посочената дискриминаторка не го докажа спротивното од наведеното во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди следното:

Посочената дискриминаторка со своето однесување и говор предизвикала за подносителката непријателска, заканувачка, понижувачка и застрашувачка средина, како и повреда на нејзиното достоинство врз основа на попреченоста, како заштитна карактеристика на подносителката. Пристапот на посочената дискриминаторка кон подносителката, како и говорот насочен кон неа, во смисла на упатените зборови *„глувата“*, *„неписмената“* и *„глувтари“* се карактеризираат како насочено несакано постапување кое е базирано на попреченост како заштитена карактеристика со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Посочената дискриминаторка не ја искористила законската можност да се произнесе и да ги побие наводите со докажување дека со нејзиното однесување немала намера да предизвика вознемирување кон подносителката на претставката. Од наведеното произлегува дека е исполнета **законската дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Опишаното однесување на посочената дискриминаторка во претставката, кое следувало по наставничкиот совет, а е поврзаното со изборот на подносителката во

училишниот одбор на училиштето, како и изјавата: *„нема да дозволиме глувите да одлучуваат за училиштето“*, Комисијата ги квалификува како активности со кои непосредно се повикува, охрабрува, дава упатство и поттикнува да се изврши дискриминација врз основа на попреченост. Фактот што останатите вработени кон кои било насочено ова однесување не извршиле дискриминација и понатаму ѝ ја дале поддршката на подносителката, не влијае врз одговорноста на посочената дискриминаторка која произлегува од активностите кои ги презела. Овие активности се квалификуваат како **повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.“*

Од поднесокот за дополнување на претставката произлегува дека посочената дискриминаторка, откако дознала дека против неа е поднесена претставка за заштита од дискриминација продолжила со несоодветно однесување кон подносителката, по пат на директни електронски пораки со двосмислена содржина. Во истите навидум се извинува, се спротивставува на дискриминацијата, а истовремено ја понижува и обвинува подносителката. **Согласно член 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ваквото однесување се квалификува како виктимизација**:

*„Виктимизација претставува трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита од дискриминација, односно пријавило дискриминација, почнало постапка за заштита од дискриминација, сведочело во текот на постапката или на друг начин учествувало во постапка за заштита од дискриминација.“*

Врз основа на изнесеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење дека [redacted] извршила вознемирување, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и виктимизација, врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи кон [redacted].

По утврдена дискриминација, согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ги третира еднакво колегите и учениците, независно од нивната попреченост или било која друга заштитна карактеристика.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од активности со кои се повикува и поттикнува дискриминација или со кои се инструира извршување на дискриминација во колегијалните односи, врз основа на попреченост, како и врз основа на било која заштитна карактеристика.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од активности со кои се врши вознемирување кон подносителката, останатите колеги, како и учениците врз основа на попреченост, особено имајќи го предвид фактот што е вработена во средно, стручно училиште во кое учат глуви и наглуви ученици.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да упати извинување кон [redacted] и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, **во рок од 30 дена од приемот на Мислењето**.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
-



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk